Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31- та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-1919/1 од 08.07.2025 година во која се содржани наводи за сомневања за неправилности во работењето на ------- ------------ со седиште во ----------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување, од причина што за постапување по предметните наводи надлежна е друга институција.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-1919/1 од 08.07.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

На ден 08.07.2025 година од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава со наводи за сомневања за неправилности во работењето на ------- ------------ со седиште во ----------, по која е оформен предмет број 12-1919/1 од 08.07.2025 година.
Во пријавата е наведено дека предметната телевизија не ги исполнува минимум условите за работа кои согласно закон потребно е да ги исполнува регионална телевизија. Исто така, во пријавата е опишан и начинот на обезбедување на финансиски средства за работење на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

споменатата телевизија преку т.н рекет систем, каде јавните претпријатија уплаќаат средства на синдикалните организации, а тие истиот или следниот ден уплаќаат износи на телевизијата. Според подносителот, од овој начин на финансирање зависи кое претпријатие со своите актиновности во работењето ќе биде емитувано/застапено на програмите на телевизијата, како и дека тоа претпријатие кое нема да уплати средства во телевизијата против неговото работње се пласирааат негативни вести во јавноста и слично. Во пријавата се наброени повеќе синдикални организации на јавните претпријатија (-----, -------------- --, -------------- --, -------------- --, -------------- --, ------------ --) и други.
Од ДКСК се бара да го преиспита работењето и пред се финансирањето на оваа телевизија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување од причина што за постапување по предметните наводи надлежна е друга институција, поради што пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: П.Б,советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител
Согласен: И.П., раководител на Сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК